Општина Шуто Оризари
Komuna Suto Orizari
Република Македонија Republika Makedonija

**Бр./No 10-1154/1**
**02.10.2018 год./bers**
**СКОПЈЕ-SKOPJE**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/2014, 44/2015, 193/16, 163/16, 31/16, 90/17) Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го донесува следното:

**СООПШТЕНИЕ**
**Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Шуто Оризари, дека се распишува**
**Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17) **во третиот квартал од 2018 година.**

- Јавниот повик ќе трае од 04.10.2018 заклучно со 02.11.2018 година – 30 дена, сметано од денот на објавата.
- Јавниот повик ќе биде објавен во Службено гласило на општината, на веб старницата на општината www.sutoorizari.gov.mk, на огласна табла на општината, во информацискиот систем е-урбанизам , во дневен весник на македонски јазик „Слободен печат“ и дневен весник на албански јазик „Lajm“.
- Во периодот на траење на Јавниот повик сите заинтересирани физички и правни лица може да доставaт иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став 1 точка 2 алинеа 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17).
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма преку архивата на Општина Шуто Оризари или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечкиот план.
- За доставената информација подносителите ќе бидат известени во писмена или електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи.
- Прифатените иницијативи ќе бидат вградени и дополнети во Програмата за изработка на Урбанистички планови за територија на Општина Шуто Оризари за 2018 година.
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат правните или физичките лица кои се подносители на иницијативите.

**Општина Шуто Оризари**
**Одделение за урбанизам и заштита на животна средина**

**Општина Шуто Оризари**
**Градоначалник**
**Курто Дудуш**